

**ВО МУЗЕЈОТ НА ДИЈАСПОРАТА**

**Зборот дијаспора е од елинско потекло и значи „расфрлено семе“ и означува припадник на еден народ кој живее одвоено од матичната земја. Од крајот на I век од нашата ера зборот дијаспора е посебно поврзан со Евреите кога после неуспешното востание против Римјаните, десетици илјади Евреи биле прогонети**

Со текот на времето, значењето на овој збор се однесува на народи кои обично насилно ја напуштиле својата татковина и живеат во друга земја. Тоа се однесува на луѓе кои се расфрлани низ светот и го посеале семето на друго место во нова средина. Македонците од етничка Македонија имаат слична судбона како на Евреите.

Така, расфрлани низ целиот свет луѓето создаваат нови домови, добиваат нови знаења, учат нови јазици, обичаи, стекнуваат нови навики, воспитание, образование и се шират корените на семејството во новата средина. Длабоките корени се таму каде што човекот се обврзува да биде почитувач на земјата каде што живее. Затоа, денес се вели дека каде е животот, таму е татковината.

Често се вели дека да се биде во дијаспората, тоа не значи да се живее во нова татковина. Меѓутоа, факт е дека новата средина за човекот е пресвртница во градењето на новиот живот. Дијаспората бара личноста да се приспособи на новиот начин на живеење; таа имплицира промени во човекот, работата и воопшто во животот. Дојденецот се соочува со тежок пат при интегрирањето за подобро живеење, а интеграцијата вклучува долг процес на кој тешко може да му се најде крајот.

Терминот „еврејската дијаспора или прогонство - егзил“ се однесува на дисперзија на Израелците, Јудахитиде, а подоцна Евреи од она што се смета татковината на нивните предци (земјата на Израел) и заедниците изградени од нив во целиот свет. “Во однос на хебрејската Библија, терминот „егзил" ја означува посветеноста на Израелците кои биле прогонети од Кралството на Израел во текот на VIII век пр.н.е., и од Јудејското Царство од Кралството на Јуда и кои биле одведени во егзил во текот на VI век п.н.е.



[illegible]






**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**